26128

ВЕЧЕР ☆ 28 февруари 1980 година

5180, 14,

# Меѓународна изложба на дела на жени карикатуристи

РЕПУБЛИЧКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА за општествена активност на жените на Македонија и Светската галерија на карикатури во Скопје по повод 8 Март — меѓународниот ден на жените, подготвуваат голема изложба на дела на жени карикатуристи од сите континенти. Изложбата, која наскоро ќе биде отворена, треба да содржи 60 експонати на автори од 14 земји на светот. Според зборовите на уредникот на Светската галерија на карикатури, Владимир Јоциќ, изложбата ќе трае 15 дена, а потоа ќе ги обиколи Штип, Кавадарци, Битола, Кочани и други поголеми населени места во Македонија.

На оваа изложба најмногу ќе бидат застапени жените карикатуристи од европските земји.